Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**април, 2022 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

Резиме .......... 2

1. Реален сектор

Индустриско производство .......... 3

Број на работници во индустријата .......... 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија .......... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите .......... 5

Инфлација .......... 6

Берзански цени .......... 8

2. Надворешнотрговска размена

Извоз .......... 10

Увоз .......... 11

Салдо на трговска размена .......... 12

Валутна структура .......... 12

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација .......... 13

Буџетски расходи според економската класификација .......... 14

Расходи по буџетски корисници .......... 15

Буџетско салдо .......... 16

4. Социјален сектор

Новоевработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување .......... 17

Плати .......... 18

Пензии .......... 18

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари .......... 19

Депозитен потенцијал .......... 19

Кредити на банките .......... 20

Каматни стапки на депозитни банки .......... 21

Пазар на капитал .......... 21

Девизни резерви .......... 22



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

април, 2022 година

- Индустриското производство во април 2022 година забележа пад од 3,8% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во април регистрираа забрзан годишен раст од 10,5% и раст од 2,2% на месечно ниво;
- Во периодот јануари - април 2022 година извозот забележа раст од 15,1%, а увозот од 27,3%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 61,7%, споредено со истиот период од 2021 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – април 2022 година изнесуваа 78.945 милиони денари, односно 9,8% од БДП, што претставува повисоко остварување за 15,7% во однос на истиот период од 2021 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – април 2022 година изнесуваа 83.584 милиони денари, односно 10,4% од БДП, што е за 11,3% повеќе во споредба со истиот период претходната година;
- Вкупните кредити на банките во април 2022 година се зголемија за 10,0% во споредба со април 2021 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 3,6%.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во април 2022 година забележа пад од 3,8% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намаленото производство во секторите Преработувачка индустрија од 6,9% (придонес од -5,6 п.п.) и Рударство и вадење камен од 2,1% (придонес од -0,2 п.п.), додека секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација бележи раст од 28,8% (придонес од 2,4 п.п.),




Раст на производството во април 2022 година бележат 14 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 50,2% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, раст во април 2022 година е забележан кај производството на моторни возила од 2,6% со придонес од 0,2 п.п., додека кај производството на електрична опрема е забележан пад од 9,1% со придонес од -0,6 п.п., а производството на машини и уреди се намали за 18,3% со придонес од -1,2 п.п.. Од традиционалните гранки, во април 2022 година производството на облека забележа раст од 17,3% со придонес од 1,2 п.п., додека намалување на производството бележат гранките: производство на текстил пад од 19,5% со придонес од -1,1 п.п., производство на пијалаци пад од 17,5% со придонес од -0,7 п.п., прехранбена индустрија пад од 12,5% со придонес од -1,3 п.п. и производство на тутунски производи пад од 4,4% со придонес од -0,1 п.п..




Падот на производството според намената на произведените единици во април 2022 година е последица на намаленото производство во гранките Интермедијарни производи освен енергија, Капитални производи и Нетрајни производи за широка потрошувачка, освен гранките Енергија (бележи раст од 24,1% и придонес од 2,4 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка (бележи раст од 10% и придонес од 0,4 п.п.).



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Графикон 13а: Гранки со позитивен придонес во растот (стапки на раст во %, април 2022 година)




1 – Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација
2 – Производство на облека
3 – Останата производствена индустрија
4 – Производство на метали
5 – Производство на хемикалии и хемиски производи
Извор: ДЗС.

Графикон 13б: Гранки со негативен придонес во растот (стапки на раст во %, април 2022 година)




1 – Производство на прехранбени производи
2 – Производство на машини и уреди
3 – Производство на фабрикувани метални производи
4 – Производство на текстил
5 – Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати
Извор: ДЗС

На кумулативна основа, во првите четири месеци од 2022 година индустријата забележа раст од 1,5%, што се должи на зголеменото производство во секторите Рударство и вадење камен од 14,5% (придонес од 1,4 п.п.) и Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 14,1% (придонес од 1,2 п.п.), додека Преработувачката индустрија бележи намалување од 1,3% (придонес од -1,0 п.п.). Од индустриските гранки, највисок придонес во растот има Вадење руди на метал од 1,3 п.п. при раст од 26,5%.

Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари – април 2022 година е регистриран во гранките Енергија, Интермедијарни производи освен енергија и Трајни производи за широка потрошувачка, додека пад бележат гранките Капитални производи (пад од 0,7% и придонес од -0,1 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 3,4% и придонес од -1,2 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во април 2022 година е намален за 1,9%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Рударство и вадење камен од 3,1%, Преработувачка индустрија од 1,8% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,5%. Сепак, постојат гранки со релативно висок раст на вработеноста, како што се производство на тутунски производи со раст од 22,1%, производство на хемикалии и хемиски производи со раст од 9,2% и производство на електрична опрема со раст од 5,3%.

Графикон 14: Вработеност и продуктивност во индустријата (стапки на раст во %)




Извор: ДЗС; пресметки на МФ

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во април 2022 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека падот е резултат на намалениот број работници во групите нетрајни производи за широка потрошувачка од 6% и енергија од 5,4%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – април 2022 година бележи пад од 2%, што се должи на намалениот број работници во сите

сектори, односно Рударство и вадење камен од 3,3%, Преработувачка индустрија од 2,0% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,5%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во првите четири месеци од 2022 година е намален во групите енергија и нетрајни производи, а падот е најизразит во групата нетрајни производи за широка потрошувачка од 6,9%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во април 2022 година е понеповолна споредено со март 2022 година, како и во однос на истиот месец од 2021 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во април изнесува 63,8% од нормалното искористување, што претставува пад споредено со претходниот месец кога изнесувало 65,5%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е намалена за 7,9 п.п..




Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во април имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 17,8%, недостигот на квалификувана работна сила со 16,9%, неизвесното економско окружување со 15,6% и недоволната домашна побарувачка со 11,9%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во април 2022 година во однос на март 2022 година е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се понеповолни во однос на претходниот месец, а залихите на готови производи на месечна основа се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во април 2022 година издадени се вкупно 337 одобренија за градење, што претставува раст од 44,6% во однос на истиот месец од 2021 година. Споредено со март 2022 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 9,7%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во април 2022 година на годишна основа е повисока за 58,7%, а во однос на претходниот месец истата бележи раст од 19,4%.






Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 199 (или 59,0%) се наменети за објекти од високоградба, 37 (или 11,0%) за објекти од нискоградба и 101 (или 30,0%) за реконструкција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 337 издадени одобренија за градба, на 199 објекти (или 59,1%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 138 објекти (или 40,9%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во април 2022 година предвидена е изградба на 752 стана со вкупна корисна површина од 61.866 $м^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е зголемен за 50,1%, а на годишно ниво за 21,7%.

Графикон 1.7: Структура на издадените одобренија за градење по региони (април 2022)




Графикон 1.8: Предвидена вредност на објектите по региони (во милиони денари)




## Инфлација

Потрошувачките цени во април регистрираа забрзан годишен раст од 10,5% (8,8% во март 2022 година), што главно се должи на растот на цените на енергенсите и на храната која регистрира зголемување како резултат на високиот раст на увозните цени. Цените на енергенсите во последните месеци се зголемија како резултат на зголемувањето на цената на струјата за домаќинствата за 9,48% и на укинувањето на дневната евтина тарифа, согласно одлуката на РКЕ, а со мал придонес се одрази и одлуката за зголемување на крајната цена на испорачаната топлинска енергија во просек за 14,05%.

Кумулативно, во првите четири месеци од годината потрошувачките цени регистрира раст од 8,4% на годишно ниво.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 14,8% (11,4% претходниот месец) на годишно ниво. Зголемувањето на стапката на раст на цените на храната се должи на зголемувањето на

Графикон 1.9: Инфлација според COICOP (стапки на раст во %)



цените на повеќе продукти, при што најголем позитивен придонес имаа цените на зеленчукот (24,1%), лебот и житните производи (17,2%), овошјето (12,7%) и месото (10,4%). Цената на маслото во април регистрира зголемување од 31,9%.

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во април 2022 година е забележан во категоријата Транспорт од 21,8%, што главно се должи на растот на цените на горивата, а во помала мера и на растот на цените на воздушниот сообраќај. Раст на цените е регистриран во сите категории, и тоа: Ресторани и хотели од 9,3%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 8,1%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 7,9%, Рекреација и култура од 4,9%, Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата од 4,5%, Здравствена заштита од 3,6%, Облека и обувки од 1,3%, Образование и Комуникации од по 0,3%.

Графикон 1.10: Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.*)




Извор: ДЗС.

Потрошувачките цени во април 2022 година се зголемија за 2,2% во однос на претходниот месец (во март беше регистриран раст од 1,6%). Цените на месечно ниво најголемо зголемување регистрираа во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци од 4,3%, при што најголем раст во оваа категорија регистрира цената на маслото од 20,2%. Раст на цените има во повеќе категории и тоа: Транспорт од 3,1%, Рекреација и култура од 2,0%, Облека и обувки од 0,8%, Разновидни стоки и услуги од 0,7%, Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата од 0,5%, Ресторани и хотели и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од по 0,3%, Здравствена заштита и Домување, вода, електрика, гас и други горива од по 0,2% и Комуникации од 0,1%. Цените во категоријата Образование останаа непроменети.

Цените на мало во април 2022 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 11,1%, а на месечна основа за 2,0%.

Во еврозоната стапката на инфлација во април 2022 година регистрира натамошен раст и е на годишно ниво од 7,4% (7,5% во март). Растот на цените се должи на значителниот раст на цените на енергијата од 38,0% (44,4% во март), следен од порастот на цените на храната, алкохолот и тутунот од 6,4% (5,0% во март), неенергетските индустриски добра од 3,8% (3,4% во март) и на услугите од 3,3% (2,7% во март). Согласно остварените стапки на раст како и очекувањата за движењето на цените на храната и нафтата на светските берзи, ЕЦБ ја ревидираше стапката на инфлација во нагорна насока и согласно проекциите од март, истата во 2022 година би достигнала 5,1%, 2,1% во 2023 и 1,9% во 2024 година.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во април 2022 година споредено со претходниот месец се намали за 8,5% и изнесува 105,8 долари за барел. Цената на суровата нафта е највисока во последните неколку години, како резултат на војната помеѓу Русија и Украина односно стравувањата од прекин во снабдувањето поради воведените санкции од страна на западните земји против Русија и можните контрасанкции од страна на Русија, како и поради ограничувањата на снабдувањето од водечките производители од Организацијата на земјите извознички на нафта (ОПЕК) и нивните сојузници предводени од Русија. Во април цената на нафтата се намали на месечно ниво, пред сé како резултат на очекувањата за послаб економски глобален раст, зголемени каматни стапки и намалена побарувачка поради заклучувањата како резултат на пандемијата на ковид-19 во Кина. На годишно ниво, цената на нафтата е повисока за 63,3%.

Графикон 1.11: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во април 2022 година, цената на природниот гас регистрираше пад од 10,2%. Цената на природниот гас од април 2021 година континуирано регистрира високи стапки на раст како резултат на зголемената побарувачка поттикната од економското закрепнување од пандемијата, меѓутоа во ноември 2021 година индексот регистрираше пад, за да на крајот од годината повторно регистрира раст. На почетокот на 2022 година цената на природниот гас регистрираше пад, а причината за падот е привременото и привидно намалување на тензиите меѓу Русија и Украина, меѓутоа по нападот на Русија цената на гасот регистрираше забрзан раст. Сепак, и покрај ситуацијата, испораката на руски природен гас во Европа е непрекината, но санкциите предизвикуваат загриженост поради прекини во снабдувањето, а со тоа и рекорден раст на цената на гасот. На годишно ниво, цената на природниот гас во април регистрираше зголемување од 241,5%.

Графикон 1.12: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Цената на електричната енергија според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) во април 2022 година изнесува 189,2 евра за мегават/час и на

месечно ниво е намалена за 33,8%, додека во споредба со април претходната година истата е зголемена за 200,6%.

Во април, цените на повеќето основни метали бележат месечен пад и тоа: алуминиумот за 7,3%, никелот за 2,3%, калајот за 2,2% и бакарот за 0,7%. На месечно ниво раст на цените регистрираат цинкот за 10,1% и оловото за 1,5%. Цената на железната руда регистрираше пад од 0,5%.

Од почетокот на 2022 година цената на златото регистрира нагорни стапки на раст, меѓутоа во април 2022 година истата се намали за 0,6% на месечна основа. Трендот на месечен пад на цената го следеа и другите благородни метали, па така цените на среброто и на платината се намалија за 3,0% и 7,5%, соодветно.

Графикон 1.13: Берзански цени на метали
(цени во долари/тон)




Извор: Светска банка.

Цената на пченката на светските берзи во април 2022 година се зголеми за 3,8% на месечна основа, а цената на пченицата регистрираше зголемување од 26,1%.

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите четири месеци од 2022 година изнесува 6.544,7 милиони евра и бележи раст од 22,1% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари - април 2022 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер е намалено за 0,6 п.п. споредено со истиот период претходната година, и изнесува 59,3%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите четири месеци од 2022 година изнесува 22,5% и е намалено за 5,3 п.п. во однос на истиот период од 2021 година.

**Графикон 2.1**: Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

[1] Започнувајќи од април 2021 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - април 2022 година изнесува 2.622,0 милиони евра и бележи раст од 15,1% (343,9 милиони евра) во однос на истиот период од 2021 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 5,2%.

Вредноста на извезените стоки во април 2022 година изнесува 682,7 милиони евра и бележи раст од 10,7% (65,8 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 2,5% споредено со април 2021 година.

Анализирано на месечно ниво, во април 2022 година извозот бележи пад од 5,6% (40,2 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 1,2%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (4,4 п.п.) врз извозот овој месец.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - април 2022 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 54,4% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот

Графикон 2.2: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Графикон 2.3: Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Графикон 2.4: Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

[2] Стандардна Меѓународна Трговска Класификација

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извозники на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

јануари - април 2022 година споредено со истиот период од 2021 година, извозот бележи раст во групациите: ЕУ 27, Организација на земјите-извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави, додека пад има во групациите: ЕФТА и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 12,1% на годишно ниво, а во земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 31,6%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 78,2% и 11,2%, соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - април 2022 година изнесува 3.922,7 милиони евра и бележи раст од 27,3% (840,3 милиони евра) во однос на истиот период од 2021 година, а физичкиот обем на увозот раст од 8,3%.



Графикон 2.5:Структура на увозот по економска намена
(учество во %)
Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увозот во април 2022 година изнесува 1.085,7 милиони евра, што претставува раст од 21,8% (194,2 милиона евра) во однос на истиот месец од 2021 година, а увезените количини стоки се зголемени за 5,7% споредено со април 2021 година.

Анализирано на месечно ниво, во април 2022 година увозот бележи раст од 3,7% (38,7 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 1,7%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (2,0 п.п.) врз увозот овој месец.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2021 | I-IV-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 23,8 | 21,9 | -2,0 | -8,3 |
| Мил.ЕУР | 552,6 | 749,3 | 196,6 | 35,6 |
| Мил.$ | 665,1 | 834,3 | 169,3 | 25,5 |

*)Претходни податоци

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2021 | I-IV-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 11,9 | 9,8 | -2,2 | -18,1 |
| Мил.ЕУР | 82,7 | 62,7 | -20,0 | -24,2 |
| Мил.$ | 99,4 | 69,7 | -29,6 | -29,8 |

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2021 | I-IV-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 240,3 | 276,3 | 36,0 | 15,0 |
| Мил.ЕУР | 213,3 | 349,2 | 135,9 | 63,7 |
| Мил.$ | 256,5 | 387,7 | 131,2 | 51,1 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2021 | I-IV-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 237,0 | 309,9 | 72,9 | 30,8 |
| Мил.ЕУР | 141,3 | 261,1 | 119,8 | 84,8 |
| Мил.$ | 169,7 | 290,2 | 120,5 | 71,0 |

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2021 | I-IV-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 29,1 | 25,9 | -3,2 | -11,0 |
| Мил.ЕУР | 341,4 | 367,0 | 25,6 | 7,5 |
| Мил.$ | 410,4 | 408,3 | -2,1 | -0,5 |

*)Претходни податоци

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2021 | I-IV-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 24,1 | 25,5 | 1,4 | 6,0 |
| Мил.ЕУР | 270,8 | 311,4 | 40,6 | 15,0 |
| Мил.$ | 325,3 | 346,4 | 21,0 | 6,5 |

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - април 2022 година, трговскиот дефицит се зголеми за 61,7% односно за 496,4 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во април 2022 година, трговскиот дефицит се зголеми за 46,8% односно за 128,4 милиони евра споредено со април 2021 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со горива и мазива и храна и пијалаци, како и од намалувањето на позитивното салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема. Од друга страна, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки и стоки за широка потрошувачка, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Графикон 2.6: Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - април 2022 година, 86,6% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција и Кина, а потоа следуваат: Турција, Србија, Русија, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Шпанија, Белгија, Унгарија, Холандија и Чешка.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 90,5% од трговската размена во периодот јануари - април 2022 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2021 година претставува намалување за 1,0 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 91,8% и 89,7%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 2,5 п.п., додека кај увозот е зголемена за 0,2 п.п. во однос на периодот јануари – април 2021 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I-IV -2021 | | | | | I-IV -2022 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | | |
| ЕУР | 1.582,3 | 2.759.541.425 | 61,6430 | 170.106.412.035 | 89,5 | 1.847,8 | 3.519.583.594 | 61,6764 | 217.075.245.561 | 89,7 | 760.042.169 | 27,5 |
| УСД | 700,5 | 357.066.789 | 51,2480 | 18.298.958.796 | 9,6 | 627,2 | 419.476.234 | 55,4307 | 23.251.861.307 | 9,6 | 62.409.446 | 17,5 |
| ГБП | 0,6 | 5.933.937 | 70,6883 | 419.459.942 | 0,2 | 0,5 | 6.001.525 | 73,7657 | 442.706.707 | 0,2 | 67.588 | 1,1 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 2.283,4 | | | 188.824.830.772 | 99,2 | 2.475,5 | | | 240.769.813.574 | 99,5 | | |
| вк.извоз: | 2.289,5 | | | 190.019.213.031 | 100,0 | 2.480,3 | | | 241.937.564.595 | 100,0 | | 27,3 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – април 2022 година изнесуваа 78.945 милиони денари, односно 9,8% од БДП, што претставува повисоко остварување за 15,7% во однос на истиот период од 2021 година. Ова е петнаесетти последователен месец во кој е забележан годишен раст на приходите. Растот е делумно резултат и на пониските приходи претходната година кога се почувствуваа негативни ефекти од пандемијата врз буџетските приходи.

Графикон 3.1: Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Даночните приходи се реализирани во износ од 47.475 милиони денари и се повисоки за 20,4% во однос на периодот јануари – април 2021 година, што се должи на високиот раст на приходите од данокот на додадена вредност (ДДВ), данокот на добивка и персоналниот данок на доход.

Приходите од ДДВ стандардно имаат најголемо учество од 47,2% во вкупните даночни приходи со остварен износ од 22.394 милиони денари, што претставува зголемување од високи 21% во однос на истиот период во претходната година. Притоа, ДДВ годинава е наплатен во бруто-износ од 35.999 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 13.605 милиони денари (бруто-наплатата е повисока за 35,1%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 67,2% споредено со периодот јануари – април 2021 година). Во структурата на ДДВ, најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува повисоко остварување за 43,2%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 17,2%.

Акцизите се остварени во износ од 7.927 милиони денари (учество од 16,7% во даночните приходи), што претставува зголемување од 10,2% во споредба со периодот јануари – април 2021 година. Со тоа, само од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 30.321 милиони денари, што претставува 63,9% од вкупните даночни приходи во првите четири месеци од 2022 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 7.131 милион денари и бележат раст од 15,8% на годишна основа. Притоа, 64% од приходите се од плата и други лични примања, 8,6% од приходи од капитал, 7,8% од приходи по основ на договор за дело, 7,6% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 12% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во периодот јануари – април 2022 година имаат остварен износ од 6.562 милиони денари, што претставува зголемување од високи 38% во однос на првите четири месеци од претходната година, како резултат на поволните остварувања кај даночните биланси коишто бележат значително зголемување за 45,1%, како и кај месечните аконтации коишто се зголемени за 35,2%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Приходите од царина се остварени во износ од 3.254 милион денари и забележаа зголемување од 24,9%. Приходите од други даноци се остварени во износ од 207 милиони денари во првите четири месеци од 2022 година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 23.925 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 6,2% споредено со периодот јануари – април претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за вработување е повисока за 6,5%, кај придонесите за здравствено осигурување за 6,3%, а кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување за 6,2%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 5.325 милиони денари и во однос на периодот јануари – април 2021 година забележаа повисоко остварување за 22% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се оствarija во износ од 390 милион денари, што е зголемување за 35,9% во однос на првите четири месеци од минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 1.117 милиони денари и се пониски за 13,3% во однос на периодот јануари – април 2021 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – април 2022 година изнесуваа 83.584 милиони денари, односно 10,4% од БДП, што е за 11,3% повеќе во споредба со истиот период претходната година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 77.363 милиони денари учествуваат со 92,6% и се зголемени за 9,9% во однос на периодот јануари – април 2021 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 10.408 милиони денари, што претставува зголемување за 3% на годишна основа, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 12,5%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 5.740 милиони денари и споредено со истиот период од 2021 година забележаа раст од 11,3%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 58.330 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа повисока реализација за 9,8% споредено со периодот јануари – април 2021 година и учествуваа со 69,8% во вкупните расходи.

Во рамки на трансферите, раст од 6,2% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваа 41.279 милиони денари, со што истите учествуваат во вкупните расходи со 49,4%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се

Графикон 32: Расходи по категории
(износи во милиони денари)




Извор: МФ.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

реализирани во износ од 25.339 милиони денари, што е зголемување за 6,9% споредено со периодот јануари – април 2021 година и учествуваат со 30,3% во вкупните расходи. Во категоријата други трансфери е регистриран висок раст од 26,7%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваат 9.105 милиони денари и се зголемени за 56%. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 6.440 милиони денари забележаа миимален раст од 1,2% во споредба со истиот период претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 6.221 милион денари со структурно учество од 7,4% во вкупните расходи, така што забележаа значително повисока реализација од 32,5% во споредба со првите четири месеци од 2021 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува над 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Графикон 3.3: Структура на расходите по буџетски корисници и раздели (*јануари – април 2022 година*)




Извор: МФ.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – април 2022 година реализираше 18.370 милиони денари или 36,3% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (70,1%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 12.871 милион денари или 37,9% од средствата наменети за 2022 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 21,7% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 36,3% (3.988 милиони денари) од планираните за 2022 година.

Владата на Република Македонија во првите четири месеци од 2022 година реализираше вкупно 5.507 милиони денари, односно 56,3% од планираните средства за 2022 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со високи 73,9% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 4.067 милиони денари (56,3% од предвидените средства).

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 8.994 милиони денари, што е 31% од вкупниот буџет за 2022 година. Најголем дел од расходите (61,1%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 5.493 милиони денари или 32,8% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 17%, за што се потрошени 1.532 милиона денари, односно 32,7% од вкупно предвидените.

Преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4], во периодот јануари – април 2022 година реализирани се 7.528 милиони денари, што претставува

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по

25,7% од предвидените за тековната година. Каматни плаќања (2.896 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 38,5%, а притоа се реализирани 28,4% од планираните. Значајна ставка е и капитални расходи за којашто се издвоени 1.622 милиона денари (42,9% од планираното), односно 21,5% од вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Министерството за внатрешни работи во првите четири месеци од 2022 година реализираше буџетски средства во износ од 4.220 милиони денари, што е 35,4% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 63%, за што во овој период се реализирани 2.657 милиони денари (32,4% од вкупно предвидените средства за тековната година). Стоки и услуги учествува со 23% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 971 милион денари, односно 43,9% од вкупно предвидените.

Во анализираниот период, од страна на Министерството за одбрана вкупно се реализирани 3.156 милиони денари, што претставува 23,1% од сопствениот буџет за 2022 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 43,9%, за што се потрошени 1.384 милиони денари или 31,6% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 29,1%, за што се реализирани 917 милиони денари или 30,4% од годишниот план.

Во периодот јануари – април 2022 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 1.932 милиона денари, што претставува 31,5% од планираните средства за тековната година. Од овој износ, доминантно учество (91%) отпаѓа на субвенции и трансфери, за што се потрошени 1.758 милиони денари или 37,4% од вкупно планираните средства за 2022 година.

Министерството за здравство во првите четири месеца од 2022 година изврши буџетски средства во износ од 1.227 милиони денари, што е 16,3% од вкупниот буџет за 2022 година. Расходите за стоки и услоги имаат најголемо учество со 43,9%, за што се потрошени 539 милиони денари или 17,2% од предвидените средства. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови е втора најзначајна ставка со учество во вкупните расходи за овој буџетски корисник од 43,4%, за што во овој период се потрошени 533 милиони денари или 17,8% од средствата наменети за 2022 година.

Министерството за транспорт и врски во анализираниот период реализираше средства во износ од 730 милиони денари, што е само 6,3% од вкупниот буџет за тековната година. Расходите за субвенции и трансфери имаат најголемо учество со 45%, за што се потрошени 329 милиони денари или 46,1% од предвидените средства, додека капиталните расходи (со учество од 43,8% од вкупните расходи) се реализирани во износ од 320 милиони денари или 3,1% од предвидените средства за тековната година.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – април 2022 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 4.639 милиони денари, што претставува 0,6% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 5.264 милион денари и претставува 0,7% од БДП. Буџетскиот дефицит во првите четири месеци од 2022 година изнесува 13,8% од вкупно планираниот буџетски дефицит за 2022 година.

---

основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во април 2022 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 64.370 новозасновани работни односи. Споредено со истиот месец од 2021 година, вкупниот број нововработени лица е зголемен за 3,5%. Трендот на раст на бројот на новозасновани работни односи започна во април 2021 година, меѓу другото, како резултат и на базниот ефект, откако во април 2020 година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.




Извор: АВРСМ
Забелешка: Во март 2021 година е извршено прочистување на списоците на невработени лица.

Од вкупниот број нововработени, 41,1% се вработени на неопределено време, а другиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во април 2022 година, 16,4% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во април 2022 година изнесува 170.824, од кои 122.454 се активни баратели на работа, а 48.370 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за високи 15,4%. Во однос на март 2022 година, бројот на невработени е намален за 5.159 лица, со што продолжува трендот на пад на бројот на невработени лица што започна во април 2021 година, откако во цела 2020 па сè до февруари 2021 година бројот на невработени генерално беше во пораст.




Извор: АВРСМ

Најголем дел од активните невработени лица (60,9%) се градско население, а според половата структура 49,3% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 66,8%, се со непотполно средно образование или помалку, 24,6% се со завршено средно образование, додека 8,6% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 50,5% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 67,8% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 6,4% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во март 2022 година оствари годишен раст од 10,1%, а во однос на февруари 2022 година истата е повисока за 4,2%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на март 2021 година се забележува во следните сектори: Финансиски дејности и дејности на осигурување (21,4%), Уметност, забава и рекреација (20,2%) и Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (19,5%). Реалните плати во март 2022 година забележаа годишен раст од 1,2%.




Просечната номинална бруто-плата во март 2022 година споредено со истиот месец од 2021 година порасна за 10,3%, а на месечна основа истата е повисока за 4,3%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во март 2022 година во однос на март 2021 година се забележува во следните сектори: Финансиски дејности и дејности на осигурување (21,7%), Уметност, забава и рекреација (20,6%) и Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (20,0%). Реалната бруто-плата во март забележа годишен раст од 1,3%.




## Пензии

Во април 2022 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 325.653 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 68,1% се корисници на старосна пензија, 23,0% се корисници на семејна пензија и 8,9% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во април 2022 година изнесува 16.320 денари и истата е за 4,6% повисока во однос на истиот месец од 2021






Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во март 2022 година (последни расположливи податоци) изнесува 52,6%.

Просечната старосна пензија во април 2022 година изнесува 17.638 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 14.691 денар, а просечната семејна пензија 13.048 денари. За исплата на пензиите во април 2022 година се потрошени 5.548 милиони денари, што претставува 53,6% од вкупните социјални трансфери.

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во април 2022 година, Народната банка донесе одлука да ја зголеми основната каматна стапка за 0,25 п.п. односно од 1,25% на 1,50%, што преставува затегнување на монетарната политика како одговор на растечката инфлација и инфлациските очекувања.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити (април 2022 година)




Извор: НБРСМ.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и истата изнесува 0,3%.

### Примарни пари

Во април 2022 година, примарните пари[6] се зголемија за 4,6% на годишно ниво. Зголемувањето на примарните пари се должи на растот на вкупните ликвидни средства за 11,1%, додека готовите пари во оптек за намалија за 0,9%.

На месечно ниво, примарните пари се намалија за 1,4%, што е резултат на намалувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 5,3%, а готовите пари во оптек се зголемија за 2,7%.

### Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во април 2022 година се намалија за 0,3% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се намалија за 3,3%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 0,9%.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

[6] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[7] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Од аспект на валутата, во април 2022 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна валута се намалија за 0,8%, додека депозитите во странска валута се зголемија за 0,3%,

Вкупниот депозитен потенцијал во април 2022 година оствари раст од 3,6% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се намалија за 4,5% на годишно ниво, додека депозитите во странска валута се зголемија за 15,4%, споредено со истиот месец претходната година.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 4,4% и 4,6%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 11,7%, а долгорочните депозити се намалија за 9,4%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 54,4 %.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (април 2022 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***453.296*** | ***-0,3%*** | ***3,6%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *246.578* | *-0,8%* | *-4,5%* |
| *Странска валута* | *206.718* | *0,3%* | *15,4%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *205.721* | *0,9%* | *11,7%* |
| *Долгорочни* | *92.423* | *-2.2%* | *-9,4%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***400488*** | ***0,9%*** | ***10,0%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *236.829* | *0,9%* | *10,5%* |
| *Странска валута* | *163.659* | *0,8%* | *9,2%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *67.100* | *0,4%* | *15,3%,* |
| *Долгорочни* | *317.700* | *0,9%* | *9,8%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *12.376* | *2,0%* | *-0,5%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во април 2022 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,9% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека на месечно ниво кредитите кон претпријатијата и домаќинствата



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

се зголемија 1,2% и 0,5%, соодветно. Од аспект на валутата, во април 2022 година, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 0,9%, а девизните кредити за 0,8%.

На годишна основа, во април 2022 година вкупните кредити се зголемија за 10,0%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 7,8% и раст на кредитите кон претпријатијата од 11,8%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 10,5%, а кредитите во странска валута за 9,2%.

Графикон 5.2: Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 9,8%, а краткорочните кредити од 15,3%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во април 2022 година, вкупната каматна стапка на кредитите остана непроменета во споредба со претходниот месец и истата изнесува 4,30%. Каматната стапка на денарските кредити се зголеми за 0,1 п.п. и изнесува 4,59%, додека каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,02 п.п. и изнесува 3,94%.

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во април 2022 година изнесува 0,68% и истата е намалена за 0,02 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити се намали за 0,01 п.п. на месечно ниво и изнесува 1,02%, додека каматната стапка на девизните депозити е намалена за 0,03 п.п. и изнесува 0,41%

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во април 2022 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 36,7% на месечно ниво како резултат на зголемувањето на прометот од

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

класичното тргување и прометот од блок трансакциите за 60,6% и 23,1%, соодветно.

Вкупниот промет на берзата во април 2022 година изнесуваше 964,3 милиони денари и истиот е зголемен за 40,4% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на април 2022 година изнесуваше 6,278.19 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 3,0%, а во однос на истиот месец претходната година регистрираше раст од 24,6%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на април 2022 година изнесуваа 3.240,21 милион евра и во однос на претходниот месец се намалија за 1,0%, а во однос на април 2021 година регистрираа пад од 19,1%.